Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр.92/07, 98/10, 93/11, 136/11, 60/12, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14), член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и подзаконските акти од областа на безбедноста и здравјето при работа, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5903/6 од 04.12.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 20-та седница одржана на 04.12.2014 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Овој Правилник го уредува планирањето, преземањето и спроведувањето на мерки за безбедност и здравје при работа на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа и подзаконските акти од областа на безбедноста и здравјето при работа, а со цел да бидат создадени безбедносни работни услови и здрава работна средина, заради заштита на здравјето, работните способности, физичкиот и моралниот интегритет на вработените.

### Член 2

Одредбите од овој Правилник се применуваат за сите вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надворешните соработници ангажирани да извршуваат одредени работни задачи во Агенцијата, како и на вработените на друг работодавач ангажирани да извршуваат работни задачи и активности во и за Агенцијата.

Пред да отпочнат со работа, лицата од став 1 на овој член имаат право и обврска поблиску да се запознаат со евентуалните опасности и штетности кои можат да настанат на работното место, како и со безбедносните мерки и средства кои се преземаат за отстранување на истите, преку обука за безбедност и здравје при работа.

### Член 3

Спроведувањето на политиката, воведувањето на мерките и стручните работи во врска со безбедноста и здравјето при работа Агенцијата може да ги врши самостојно преку назначено стручно лице за безбедност и здравје при работа или да ги довери на надворешно овластено правно или физичко лице од соодветната област согласно законот.

## II. ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

### II.1. ОПШТИ ОБВРСКИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Член 4**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги обезбедува безбедност и здравје при работа на своите вработени од секој аспект поврзан со работата преку:

- преземање мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства;
- поставување соодветни организациони и работни методи во сите нивоа на работа;
- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност и здравје при работа или склучување договор со надлежно надворешно овластено правно или физичко лице за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа;
- планирање мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа;
- изготвување и спроведување изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот како и мерките кои треба да се преземат. По изјавата за безбедност Агенцијата е должна да обезбеди мислење од синдикатот;
- остварување на правото на вработените непосредно или преку претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина кај работодавачот;
- консултација и соработка со вработените и претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, околу планирање и набавка на опрема за работа и воведување нова технологија;
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа со цел следење на здравствената состојба на вработените;
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност;
- соодветна програма за обука на вработените од областа на безбедност и здравје при работа, прилагодена кон спецификите на работното место;
- вршење повремени прегледи и испитување на работното место, работната средина и опрема за работа;

### II.2. ДРУГИ ОБВРСКИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Член 5**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се грижи за спроведување и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за таа цел има и обврска:

- да преземе мерки да не настане пожар, а доколку настане да се намали на најмала можна мера опасноста по безбедноста и здравјето на вработените и другите присутни лица;
- да организира и да обезбеди евакуација, спасување и прва помош во случај на извесна ситуација која може да ја загрози нивната безбедност и здравје и да ги оспособи лицата кои ќе ја спроведуваат евакуацијата и спасувањето;
- да ја стави на располагање потребната опрема на лицата кои се одредени да ја спроведат евакуацијата и спасувањето, гасењето на пожар и прва помош;
- да утврди план за евакуација и спасување во случај на вонредна ситуација;
- да организира и обезбеди давање на прва помош на вработените во случај на повреди при работа или ненадејна болест до нивно упатување на лекување во здравствена установа;
- на секои дваесет вработени да оспособи и одреди барем едно лице за давање на прва помош, за гасење пожар, евакуација и спасување;
- да ги информира вработените за безбедно извршување на работата преку писмени известувања и упатства;
- да им дозволи на вработените, претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествуваат во дискусијата за сите прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа;
- да води соодветна евиденција и веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот и претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, за секој смртен случај, колективна несреќа и повредите при работа или секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа;
- за исполнување на други обврски со Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за работните односи, Законот за инспекција на трудот и други подзаконски акти и прописи.

**Член 6**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има обврска да осигури безбедна работа на вработените во работната средина преку правилно организирање и спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа.

Агенцијата ја организира работата и работните задачи на начин кој ќе обезбеди заштита на животот и здравјето на вработените, со цел да биде спречено настанување повреди при работа, заболувања во врска со работата и професионални болести, како и спречување на штетни последици од несреќен случај, пожари или други елементарни непогоди, при што ќе се земе во предвид посебната заштита на бремена работничка, младите вработени, повозрасните вработени и оние со намалена работна способност, согласно важечките законски прописи.

**Член 7**

Агенцијата е должна да планира мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа.

Агенцијата мора работните процеси да го прилагоди кон способностите на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, земајќи ја предвид природата на работа.

**Член 8**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изготвува и спроведува изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот како и мерките кои треба да се преземат. Доколку дојде до промена на условите или се појави нова опасност на работното место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава, Агенцијата мора да направи нова изјава за безбедност.

По изјавата за безбедност, Агенцијата е должна да обезбеди мислење од синдикатот.

Изјавата за безбедност е документ кој ги опишува карактеристиките на работниот процес и содржи идентификација на опасноста и проценка на ризикот за безбедноста и здравјето на работното место и пропишува соодветни мерки за заштита.

Податоците врз кои се заснова процената на ризикот, се пропишани со Правилник за начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот донесен од Министерот за труд и социјална политика во согласност со Министерот за здравство.

**Член 9**

Агенцијата е должна да го оствари правото на вработените непосредно или претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина во Агенцијата.

**Член 10**

Агенцијата е должна да обезбеди пристап до работните места изложени на специфична и сериозна опасност, да е дозволен само за оние вработени кои добиле посебни упатства за работа на таквите работни места.

Работодавачот мора опремата за работа и средствата за работа да ги обезбеди со знаци за опасност и упатства за безбедна работа во согласност со посебен пропис.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 11**

Секој вработен во Агенцијата има право и обврска да се грижи за сопствената безбедност и здравје, како и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него и лицата кои се засегнати од неговите активности, согласно законот, подзаконските акти и останатите прописи.

Вработените имаат право и обврска да бидат запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа и нивната примена за работите кои ќе ги извршуваат, преку стручно припремени обуки и инструкции од страна на Агенцијата.

**Член 12**

Вработениот има право:

- непосредно или преку претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествува во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа, преку давање предлози, мислења и забелешки за безбедноста и здравјето при работа на стручното лице и овластената здравствена установа;
- да одбие извршување на работа доколку претходно не е информиран за

сите можни опасности и штетности;

- да одбие извршување на работа ако Агенцијата не го обезбеди пропишаниот здравствен преглед;

- да одбие извршување на работа, доколку е изложен на непосредна опасност по здравјето или по животот, кога не се спроведени безбедносните мерки и да побара нивно отстранување;

- да одбие извршување на работа доколку нема соодветно образование, а со тоа би се изложил на опасност;

- да побара интервенција од надлежниот инспекторат за труд и да го извести претставникот, доколку работодавачот не ја отстрани опасноста и не постапува во согласност со мислењето на овластената здравствена установа.

## Член 13

Вработениот е должен:

- да ги почитува пропишаните мерки за правилно користење на средствата за работа;

- да направи здравствени прегледи кој Агенцијата ги обезбедува за сите вработени, најмалку на секои 24 месеци;

- веднаш да ја извести Агенцијата, преку претставникот усно или во писмена форма, за секој недостаток, опасност по безбедноста и здравјето или за друг инцидент со кој може да се загрози неговата безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на другите вработени;

- постојано да соработува со работодавачот и стручното лице се додека се обезбеди безбедна работна средина и работни услови кои не претставуваат ризик во рамките на неговата активност и спроведување на мерките наложени од надлежниот инспекторат за труд;

- пред распоредувањето на работното место во процесот на работа да се запознае со пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа, за конкретната работа која ќе ја извршува;

- во текот на работењето постојано да учествува во обуките за безбедна работа кои ги организира и спроведува Агенцијата, со цел да допринесе околу личната заштита и заштита на здравјето и безбедноста кај другите вработени.

## Член 14

Вработениот кој не постапува во согласност со одредбите на Законот и овој правилник, односно не ги почитува пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа се смета дека го изложил на опасност сопствениот живот и здравје, животот и здравјето на другите вработени и чини потешка повреда на работната должност.

## Член 15

Обврските на Агенцијата утврдени со овој Правилник согласно Законот истовремено претставуваат и права на вработените во врска со спроведувањето на мерките за безбедност и здравје при работа.

## IV. ПРЕТСТАВНИК НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

### Член 16

Претставник на вработените за безбедност и здравје при работа (во понатамошниот текст: претставник) е лице избрано од страна на вработените за да ги застапува нивните интереси во поглед на безбедноста и здравјето при работа пред работодавачот – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Претставникот го избираат вработените во Агенцијата од своите редови, на синдикален собир на мнозинскиот синдикат или на собир на вработени.

Претставникот од став 2 на овој член има посебна заштита од работниот однос, при што Агенцијата му овозможува непречено вршење на неговата функција, согласно со Законот и Колективниот Договор.

Вработените во Агенцијата согласно бројот на вработени утврден во Законот, потребно е да изберат 1 (еден) претставник.

Агенцијата со Упатство ќе го пропише начинот на неговото обучување, како и начинот и формата на неговото функционирање.

Претставникот на вработените имаат право:

- да ги обиколат работните места поради согледување на состојбата во врска со безбедноста при работа, најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати во годината;
- да побараат од работодавачот да преземе соодветни мерки и во таа насока да поднесува предлози со цел да се намалат опасностите за вработените и/или да се отстранат изворите на опасностите;
- да ја известат инспекцијата на трудот за нејзино посредување, да присуствуваат, да ги дадат своите согледувања и имаат увид во записникот составен од страна на инспекторот,
- да побараат од работодавачот информации и да имаат пристап до изјавите за процена на безбедноста и извештаите што се обврска на работодавачот и другите документи во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа и
- задолжително писмено да бидат известени од страна на Агенцијата, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа од настанот, за смртен случај, колективна несреќа и повреда при работа, која предизвикува времена неспособност за работа во траење повеќе од три работни дена, како и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

Правата утврдени во став 6 од овој член, покрај претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, ги има и претседателот на синдикалната организација.

## V.СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

### Член 17

Стручното лице за безбедност и здравје при работа е вработено стручно лице кај работодавачот – Агенцијата (во понатамошниот текст: стручно лице) назначено од него за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа или надворешно овластено правно или физичко лице за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа.

Агенцијата мора да назначи едно стручно лице за вршење на работите од областа на безбедноста при работа.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со акт ќе го уреди бројот, видот и степенот на стручното образование кое треба да го има стручното лице, како и правата и обврските на стручното лице согласно Законот за безбедност

и здравје при работа.

При извршување на стручните задачи кои се однесуваат на безбедноста при работа, стручното лице директно одговара пред Директорот на Агенцијата.

Агенцијата на стручното лице ќе му обезбеди услови (средства) за работа, потполна самостојност во извршувањето на работните задачи, соодветно време и пристап до сите потребни информации и обука и стручно усовршување.

Примарни обврски на стручното лице се:

- советување на работодавачот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа,
- советување на работодавачот за опремување на работното место и работната средина,
- изготвување на стручна основа за изјавата за безбедност;
- вршење на стручна основа за изјавата за безбедност;
- вршење на редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина;
- вршење на редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема;
- вршење на внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата;
- изработка на упатства за безбедно извршување на работата;
- следење и анализа на повредите поврзани со работењето, професионални болести, идентификација на причините за истите и подготовка на извештаи за работодавачот, заедно со сите предложени безбедносни мерки и
- подготовка на програма и спроведување обуки на вработените за безбедно извршување на работата.

## VI. ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### Член 18

За безбедно извршување на работата, вработените во Агенцијата мора да бидат информирани преку писмени изестувања и упатства. Истите може да бидат пренесени и усно, во случај кога вработените се изложени на непосредна опасност по нивното здравје или живот. Во известувањата и упатствата ќе се вклучат сите преземени мерки во однос на безбедноста при работа.

Во случај на непосредна, сериозна и неизбежна опасност, Агенцијата мора да им даде на вработените соодветни упатства за запирање на работата, брзо напуштање на работното место и евакуација на безбеден простор.

Вработените при сериозна и непосредна опасност по нивната безбедност или безбедноста на другите лица и во случај кога не може да се контактира со стручното лице, може да преземат соодветни мерки во рамките на своето знаење и техничките средства кои ги имаат на свое располагање, за да ги избегнат последиците од таквите опасности.

Известувањата и писмените упатства за безбедна работа треба да бидат разбирливи за вработените и да содржат податоци за безбедноста и здравјето при работа во однос на:

- услови за безбедна употреба на средства за работа;
- предвидливи и невообичаени околности;
- заклучоци стекнати од пракса при употреба на средствата за работа.

### Член 19

Агенцијата е должна да ги информира вработените, претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје

при работа за секој вид на ризик за сите работни места, за безбедносните мерки потребни за контрола на ризиците, елиминирање на штетните последици, како и информации за вработените со посебни одговорности за прва помош, заштита од пожари и евакуација. Агенцијата ги информира и вработените со договор за вработување на определено време, младите вработени, повозрасните вработени во согласност со Законот за работните односи и оние со намалена работна способност за резултатите од процената на ризиците и за мерките преземени од страна на Агенцијата, заради обезбедување на нивната безбедност и здравје при работа.

Агенцијата мора да истакне на работното место и на средствата за работа, посебни предупредувања и знаци за опасност, како и упатства за безбедност и здравје при работа.

**Член 20**

Агенцијата мора да им дозволи на вработените, претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествуваат во дискусијата за сите прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа.

**Член 21**

Агенцијата има обврска на вработените и на претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа да им презентира:

- изјава за безбедност;
- извештај за безбедност при работа и спроведените мерки за безбедност;
- единствена евиденција.

## VII. ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 22**

Агенцијата мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбедност и здравје при работа:

- при вработување;
- во случај на преместување на ново работно место;
- во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и
- во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедноста и здравјето при работа.

Обуката за безбедност и здравје при работа Агенцијата мора да ја прилагоди кон спецификите на работното место и мора да се изведе во согласност со програмата која мора да биде ажурирана и изменета во поглед на новите облици и видови на ризици.

Обуката може да биде теоретска и практична и се врши во текот на работното време.

Организирањето и спроведувањето на обуката на вработените и нивните претставници ќе биде на товар на Агенцијата.

**Член 23**

Претставникот на вработените има право на посебна обука за безбедност и здравје при работа специфична за областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

## VIII. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

### Член 24

Агенцијата мора да ја следи здравствената состојба на своите вработени. За остварување на таа цел обезбедува здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеца.

### Член 25

Агенцијата ангажира и склучува договор со овластена здравствена установа во која се врши дејноста медицина на трудот, согласно прописите од областа на здравството, овластена од министерот надлежен за работите од областа на здравството.

Овластената здравствена установа во зависност од видот на дејноста, како и видот и нивото на ризикот од повреди или нарушување на здравјето при работа врши:

- превентивни здравствени прегледи на вработените во согласност со посебни прописи;
- медицински услуги за вработените со професионални болести;
- организирање и спроведување на обука за прва помош на вработените;
- утврдување и проучување на причините за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа, предлагање на соодветни безбедносни мерки и мерки за лекување, учество во извршувањето на соодветна професионална рехабилитација и консултација за изборот на посоодветни работни задачи;
- давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување на здравјето;
- водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените во согласност со посебните прописи;
- учество во секоја проценка на ризиците, безбедноста и здравјето на работното место и на работната средина и
- запознавање на вработените со ризиците кои се поврзани со нивната работа, нивното работно место и вршење на едукација.

### Член 26

Видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи ги уредува Владата на Република Македонија.

Висината на трошоците за здравствените прегледи, која ќе се определи во ценовникот се утврдува врз основа на видот, начинот и обемот на вршење на здравствените прегледи.

## IX. ЗАШТИТА ОД ПОЖАР, ЕВАКУАЦИЈА И СПАСУВАЊЕ

### Член 27

Во согласност со посебните прописи Агенцијата мора да преземе мерки да не настане пожар, да организира и да обезбеди евакуација, спасување и прва помош во случај на извесна ситуација која може да ја загрози нивната безбедност и здравје, како и упатства за запирање на работата, брзо напуштање на работното место и евакуација на безбеден простор во случај на настаната вонредна ситуација (елементарна непогода, пожари, експлозија, испуштање на опасни материи над дозволената граница и слично).

Агенцијата мора да им ја стави на располагање потребната опрема на лицата кои се одредени да ја спроведат евакуацијата и спасувањето, гасењето на пожар и прва помош.

Агенцијата е должна да утврди план за евакуација и спасување во случај на вонредна ситуација и со него да ги запознае сите вработени и врз основа на тој план мора да се спроведат практични вежби најмалку еднаш на две години.

Агенцијата е должна да организира и обезбеди давање на прва помош на вработените во случај на повреди при работа или ненадејна болест до нивно упатување на лекување во здравствена установа.

На секое работно место и во работни простории во кои истовремено работат до 20 вработени, Агенцијата мора да одреди и да оспособи најмалку по еден од нив за давање на прва помош, за гасење пожар, евакуација и спасување, а над овој број на секои 20 вработени најмалку уште по еден.

Во случај на повреда при работа поради невообичаени и непредвидливи околности кои се надвор од контрола на Агенцијата или поради настани чии последици не можеле да се избегнат, според прописите за безбедност и здравје при работа Агенцијата не е одговорна.

## X. ИСПИТУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО, ОКОЛИНАТА И СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА

### Член 28

Агенцијата е должна средствата за работа да ги одржува во исправна состојба и со повремени прегледи и испитувања да ја проверува нивната исправност и безбедност.

Повремените прегледи и испитувања од ставот 1 на овој член, Агенцијата може да ги довери на надворешни овластени правни и физички лица кои имаат дозвола за вршење на стручни работи од областа за безбедноста и здравјето при работа и ги исполнуваат условите во однос на вработени, организацијата, техничките и други услови.

Агенцијата не смее да стави во употреба средства за работа кои не се прегледани и испитани за безбедно работење, односно ако не се исправни за безбедна работа, ниту пак вработениот смее да употреби такви средства за работа.

## XI. ЕВИДЕНЦИЈА И ИЗВЕШТАИ

### Член 29

Агенцијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, и претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа за:

- секој смртен случај;

- колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена и

- секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

Известувањето на Агенцијата од ставот 1 на овој член покрај општите податоци содржи и краток опис на настанот и неговите последици.

### Член 30

Агенцијата е должна да води евиденција за:

- стручно обучување и оспособување на вработените за безбедна работа;

- извршени прегледи на средствата за работа;
- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места;
- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и
- професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член ги содржи и сите технички документи, исправи, извештаи, наоди, мислења и слично.

Начинот на водењето на евиденцијата го пропишува Министерот надлежен за работите од областа на трудот со Правилник за начинот на водење на евиденција од областа на безбедност и здравје при работа.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за безбедност и здрвје при работа бр.01-640/1 од 16.02.2009 година.

**Член 32**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.01-5980/1**
**04.12.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**